Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
бр. 03-285
03.11.2026 год
ВИНИЦА

ЈАВЕН ПОВИК

За доставување програми за работа и финансиски планови за 2027 година

Општина Виница започна со подготовка на Буџетот за 2027 година.Со цел навремено и транспарентно планирање на финансиските средства за поддршка на активности од јавен интерес, Општина Виница ги повикува сите заинтересирани здруженија на граѓани, спортски организации, невладини организации и физички лица, чии активности се од интерес на Општината, да достават програми за работа за 2027 година, со соодветна финансиска конструкција за нивна реализација.Доставените програми треба да содржат опис на планираните активности, нивните цели и очекувани резултати, како и финансиска конструкција со потребните средства за нивна реализација.Програмите треба да се достават во архивата на Општина Виница, на адреса: ул. „Бел Камен“ бр. 13, најдоцна до 13.11.2026 година.

- Напоменуваме дека програмите доставени по истекот на предвидениот рок нема да бидат земени предвид при подготовката на Буџетот за 2027 година.

Општина Виница го упатува овој повик со цел обезбедување навремено, транспарентно и правично планирање и распределба на буџетските средства наменети за поддршка на здруженијата, организациите и поединците.

Со почит

Општина Виница

Градоначалник

Митко Костадиновски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ВИНИЦА